

Годишен извештај за работењето за 2009

# Центар за Управување со Промени

http://www.cup.org.mk

Центар за Управување со Промени

# Содржина

ВОВЕД 3

ГЛАВНИ НАСОКИ 4

НАШИТЕ ПОЧЕТОЦИ 5

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ 6

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 11

# ВОВЕД

Здружението за развој, Центар за управување со промени (ЦУП) е непрофитна, невладина организација која промовира разбирање и ненасилни промени во општеството.

Организацијата се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат промените во општеството како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати.

Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро-интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за промена во општеството.

Имаме неколку  години работно искуство со различни државни институции во Македонија и широка соработка со граѓанскиот и бизнис секторот дома и во странство. Имплементираме проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на нашето општество и регионот.

Поддржуваме демократија и отворени идеи во различни сектори во општеството. Ги базираме нашите проекти на методот планирај, реализирај, провери и делувај.

## Нашите цели и задачи се:

- Јакнење на административните капацитети на јавната администрација
- Инвестиција и развој во персонал/ луѓе
- Европска интеграција и регионална соработка
- Управување со јавни промени и одржување развој
- Еднакви можности и недискриминација
- Автоматизација на процеси
- Соработка со другите правни и физички лица, меѓународни организации, државни тела, институции, невладини организации и приватен сектор за реализација и постигнување на целите на организацијата.

# СТРАТЕШКИ НАСОКИ

1. Подобрување на законодавството и процедурите Поддршка на капацитети на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата преку воспоставување на целосно функционална структура на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во централната влада и во релевантните министерства

2. Реформа и модернизација на јавната администрација преку инвестирање во кадри и стандарди за управување со човечки ресурси

3. Подготовка за процесот на преговори. Зајакнување на напорите за европска интеграција и регионална соработка преку подобрување на капацитетите за НПАА работните групи и идните тимови за преговори за влез ЕУ

4. Менаџирање на промените во општеството и поттикнување одржлив развој преку реализација на проекти за развој на јавната администрација, за управување со промени како и наоѓаме самоодржливи решенија на проблемите

5. Промовирање еднакви шанси и недискриминација преку организирање на активности кои водат до слободен и еднаков пристап до јавниот сервис за сите без разлика на пол, етничност, религија, политичка припадност, сексуална и други форми на припаѓање

6. Придонес кон автоматизација на процесите преку креирање на функционален оперативен систем способен да го поддржи процесот на промени

# НАШИТЕ ПОЧЕТОЦИ

Тимот на Центарот за управување со промени својата работа ја започна во 2007 година во рамките Генералниот секретаријат на Владата и Секретаријатот за европски во рамките на програмата поддржана од Британската амбасада преку фондот GOFRE (Global Opportunity Found-Reuniting Europe). Проектот ГОФРЕ Градење на административните капацитети за ЕУ интеграции, (2007-2009) беше насочен кон поддршка на Владата на Република Македонија во обезбедувањето на планиран, координиран и професионален административен одговор на барањата на ЕУ.

Петте компоненти во рамките на проектот произлегуваа од приоритетите во однос на исполнување на критериумите за членство во ЕУ и потребите на самите институции и беа насочени кон зајакнување на административните капацитети за следење, примена и оценка на ефектите и влијанијата на владините политики и умешноста за нивно известување, како исклучително важно прашање во интегративните процеси.
Проектот придонесе кон зајакнување на капацитетите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања особено во делот на:

1. Унапредување на процесите на стратешко планирање и креирање на политики и градење на капацитетите во централните административни тела и министерства, преку воспоставување/подобрување на Методологијата за стратешко и буџетско планирање, подготвување на ГПРВ, мониторинг индикаторите од областа на стратешкото планирање и анализа на политиките и координација
2. Подобрен капацитет на НПАА работни групи за анализа на побарувањата кои произлегуваат од ЕУ
3. Развиен систем на НПАА бази на податоци и интерфејси за поддршка, следење и интегрирање на различните процеси и структури ЕУ
4. Воспоставени стандарди за обука и гаранција за квалитетчж
5. Национални структури способни да го имплементираат Децентрализираниот модел за управување со ИПА
6. Подобрено информирање на јавноста за ЕУ интеграции преку воспоставување на механизми и стратегии за комуникација во процесот на европска интеграција;
7. Инкорпорирање на процесот на подготовка на Националната програма за приближување кон правото на ЕУ (НПАА) во процесот на стратешко планирање и формулација на политики
8. Идентификување на административни (кадровски) потреби во процесот на европска интеграција и адекватна изградба на капацитетот на државните службеници
9. Обезбедување на поддршка во процесот на подготовките за искористување на Претпристапните фондови (ИПА) на структурите на централната власт и
10. Одржување на ИКТ рамка за поддршка на севкупниот механизам на НПАА за планирање, координација и следење

Вкупната поддршка која ја обезбеди Британската влада за овој проект изнесуваше 401,380 британски фунти, а беше управувана од Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат и проектниот тим, кој во 2009 година го формира Центарот за управување со промени (ЦУП).

Во првите две години (2009-2010) ЦУП ги раководи програмите преку институциите, а од 2011 е целосно одговорен за управување на програмите и фондовите, но повторно во блиска соработка со институциите. Во годините што следат ЦУП станува стратешки партнер во имплементација на програмите на Британска амбасада за поддршка на реформите и модернизацијата на јавната администрација.

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## 1.1 ПОДБОРУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО



Целта на оваа компонента е да се зајакнат административните капацитетите кои ќе придонесат кон подобрување на квалитетот на законодавството и на процедурите. Оценката на влијанието на регулативата (Regulatory Impact Assessment)- РИА е една од клучните приоритети од Европското партнерство. Целта на воведувањето на РИА е подобрување на квалитетот на регулативата, системска анализа на можните влијанија, придобивки и трошоци како резултат на новата регулатива. Во делот на Проценка на влијанието на регулативите (РИА) во соработка со Секторот за економски политики и регулаторна реформа на Генералниот секретаријат, а со поддршка на СЕП и тимот на ЦУП:

- воведени се методологија и обрасци за РИА;
- подготвен е практичен прирачник за државните службеници и спроведени се обуки во сите 15 министерства;
- Организирани се работилници за РИА за раководителите на НПАА работните групи за да се разберат влијанијата на директивите и на мерките врз економијата во општеството, а во тој контекст да се сфати употребливоста на РИА во подготовката на преговарачките позиции на земјите - кандидати за влез во Европската унија
- Поддршка преку менторство и консултации со британската консултантска куќа и фирама која работи на отпадот од пакување на реномирани брендови на Министерството за животна средина и просторно планирање во подготовката на пилот РИА за Законот за отпад од пакување

## 1.2 ПОДГОТОВКА ЗА ПРОЦЕС НА ПРЕГОВОРИ

Оваа компонента има за цел да ги подготви клучните актери во процесот на преговори на РМ со ЕК преку инвестиција во обука и градење експертиза во комплексниот процес на договарање и преговарање со Европската унија. Во таа насока активностите на оваа компонента се насочени на три аспекти (1) хоризнотална поддршка на НПАА, работните групи, комитетите и подкомитетите преку симулација на преговори, обуки и консултации; (2) Предскрининиг во три поглавја од европското законодавство, анализа на состојбите во домашното законодавството, степенот на усогласеност со директивите, мислењата и препораките на ЕУ, поддршка и обука во институциите за нивна длабинска и суштинска промена со цел подготвеност на поглавјата за отпочнување на преговори и (3) подобрување на механизмите на меѓуинституционална координација и комуникација во процесите на преговори . Во рамките на погоре наведеното реализирани се следниве активности по подрачја:

- Хоризонтална поддршка на НПАА, работните групи, комитетите и подкомитетите преку симулација на преговори, обуки и консултации –
- Реализрана мисија од страна на водачи на преговарачките тимови од Република Словенија врз основа на која се подготви Извештај чија цел е да помогне во вопоставување на поефективна преговарачка структура. Воедно се спроведоа работилници за раководителите на НПАА работните групи (од кои и се очекува да произлезе преговарачкиот тим) во насока на воспоставување на процедури и системи за комуникација во процес на преговори
- Предскрининиг на - Поглавје 3 Слобода на основање и право на давање на услуги - директива за взаемно признавање на професионални квалификации и подготовка на закон за взаемно признавање на професионални квалификации

Во рамките на компонентата за поддршката во одредено подрачје од Acquis активностите се реализраа во дел од Поглавјето 3, односно се овозможи техничка помош за транспонирање на Директивата 2005/36/ЕЗ која се однесува на професионални квалификации. Нејзиното транспонирање во македонското законодавство е особено значајно, бидејќи таа го регулира слободниот проток на работна сила и ги отстранува можните бариери со кои се соочуваат различните професионалци, а усогласеноста на македонското законодавство со оваа Директива е услов за влез во ЕУ. Во оваа насока, во соработка со Министерство за образование и наука, а со поддршка на СЕП и тимот на ЦУП се реализираа следниве активности:

- Подготвена Анализа и Национален акциски план за взаемно признавање на професионалните квалификации
- Одржани конслутации со институциите кои се релевантни за правилна имплементација на Директивата. На работилницата беа разменети искуства со Република Словенија во начинот и постапката на уредување на регулативата во делот на взаемно признавање на професионлните квалификации и клучните аспекти во процесите на преговори.

1




2



## 1.3 РЕВИЗИЈА НА НПАА

Со овој дел се настојува целосно да се искористи интелектуалниот потенцијал во Република Македонија, да се подобри транспарентноста и отчетноста, како и да се поттикне чувството на сопственост на процесот, а во комуникацијата со граѓанскиот сектор, деловната заедница и стручната јавност во делот на дефинирањето и реализацијата на НПАА приоритетите. Во таа насока реализирани се следните активности

~ Ревизија на НПАА 2010 година, на која Секретаријатот заедно со раководителите на НПАА работните групи и останатите соработници ја подготви ревидираната верзија на НПАА

~ Одржани консултации со претставниците на граѓанскиот сектор и деловната заедница во однос на Програмата за усвојување на правото на ЕУ НПАА

## 1.4 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И МЕНАЏМЕНТ НА ПРОМЕНИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Целта на оваа компонента е воведување на Стандарди за управување со човечки ресурси во 10 пилот институции (СЕП, ГС на ВРМ, АДС, МФ, МТСП, СЗ, МЖСП, МВР, МП и Собранието на Република Македонија). Стандардите за управување со човечки ресурси се исклучително важни оперативни насоки чија крајна цел е да се зголеми продуктивноста и ефикасноста на вработените во државната администрација, а нивната примена ќе овозможи професионалност и стручност во работењето на вработените во државната служба.

Во рамките на пилот фазата на имплементацијата на стандардите, преку консултации и менторство реализирани се следниве активности:

1. Подготвени 11 упатства, интерни процедури кои ќе се воведат во сите десет пилот институции, а потоа и во останатите органи на државна управа. Изготвени се упатства во вид на внатрешни правилници во следниве области: (1) Менторство и воведна обука (2) Управување со отсуства од работа (3) Делегирање (4) Комуникација (5) Вработување и селекција (6) Дисциплински постапки (7) Балансирана картичка на успех (8) Упатство за стручно оспособување и обука (9) Упатство за оценување. (10) Упатство за излезно интервју (11) Упатство за развој на кариера
2. Подготвена публикација Стандарди за управување со човечки ресурси темелена на најдобрите практики на земјите членки на ЕУ, но прилагодена и применлива во домашни услови.
3. Реализирана годишна конференција наловена Менаџмент и управување со промени во јавната администрација на која се промовирани Стандардите за управување со човечки ресурси. На конференцијата учествуваа 150 претставници на секторите и одделенијата за човечки ресурси на централната и локалната администрација.

## 1.5 ПРЕДПРИСТАПНИ ФОНДОВИ (ИПА)

Поддршката се однесува на градење на капацитететите на јавната администрација за успешно искористување на ИПА фондовите и имплементација на Децентрализираниот модел за управување со ИПА. Приоритетите во оваа компонента се насочени кон инвестиција во луѓе, преку обука на кадри на веќе воспоставените национални ИПА структури во јавната администрација и оспособување на тим на идни обучувачи/консултанти во рамките на ИПА Центар за обука (IPA Training Facility Center) кои ќе бидат во можност да го пренесат знаењето и да имаат улога на ментори на оние институции на кои ќе им биде потребна помош.

~ Воспоставена на структура од 22 обучувачи за ИПА фондови од СЕП и други министерства која треба да обезбеди одржлива поддршка на јавната администрација, локалната самоуправа, граѓанското општество и бизнис секторот во програмирање на ИПА, подготовка на проекти и нивно спроведување.

~ Спроведени два циклуса на обуки за обучувачи за Европските фондови со меѓународни консултанти, во времетраење од 10 дена.

~ Развиени модули за дводневни локални обуки и подготвени материјали

~ Оддржана петдневна обука за обучувачи за механизмите на мониторинг, оценка и дефинирање на индикатори во управување со ИПА фондовите

~ Обука националните ИПА структури за процесите на набавки според правилата на ПРАГ и подготовка на апликации за разните категории на повици на ЕУ

## 1.6 КОМУНИЦИРАМЕ ЗА ЕВРОПА

Зајакнување на капацитетите на институциите во однос на практичната имплементација на воспоставување Briefing note систем (систем на кратки пораки), а нејзината цел е и да помогне во информирањето на поширока јавност преку дисеминација на пораки за ЕУ. Во рамките на оваа компонента реализирани се следниве активности:

- Подготвени се две публикации: Да ја запознаеме Европа, наменета за млади и публикацијата За институциите и вредностите на ЕУ во која се содржани промените од Лисабонскиот договор.

Напомена: Овие активности се спроведоа во рамки на проектот “Градење административни капацитети за ЕУ интеграции”, финансиран од Британска Амбасада, преку СПФРЕ (Стратешки програмски фонд – Повторно обединување на Европа). Проектот се спроведува од 2007 година и тимот на Центарот за управување со промени, кој пред формирањето во 2009 година функционираше како проектен тим во рамки на институцијата корисник, ги спроведе горенаведените активности. Од тие причини финансискиот извештај ги одразува средствата само за раководење и управување.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| ПРИЛИВИ | 2.164.899 ден |
| Приходи од дејноста - | |
| Приходи од донации | 2.164.718 ден. |
| Финансиски приходи | 181 ден. |
| Пренесен дел од вишокот на приходи | |
| ОДЛИВИ | 2.154.281 ден. |
| Материјални расходи и услуги | 31.363 ден. |
| Други расходи | 1.395.396 ден. |
| Плати и надоместоци од плати | 727.522 ден. |
| Капитални расходи | |
| ДАНОК НА ДОБИВКА - | |
| Пренос на наменски средства во наредната година | 10.618 ден. |

Финансиски извештај за средствата, обврските и капиталот за 2009 година

| | |
|---|---|
| Вкупни средства | 70.694 ден. |
| Постојани средства | 0 ден. |
| Тековни средства | 70.694 ден. |
| Капитал и резерви | 0 ден. |
| Вкупни обврски | 70.695 ден. |
| Долгорочни и краткорочни обврски | 60.077 ден. |
| Наменски средства за пренос во наредната година | 10.618 ден. |



Центар за управување со промени (ЦУП)
ул. Партизански одреди бб., 1000 Скопје, Република Македонија
website: www.cup.org.mk
е-пошта: info@cup.org.mk
тел.: +389(0)2 3061-760
факс: +389(0)2 3061-760

Центар за
Управување со
Промени